**УЖ-2.бр.208/2020**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот Дијана Димитрова и м-р Емрије Зубери - членови на советот, со записничар Верица Гавровска Петровска – раководител на судско одделение, одлучувајќи по жалбата на тужителот Д-Р ПАНОВСКИ АД од Скопје, поднесена преку полномошник адвокат Ѓорѓи Поленак од Скопје, изјавена против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1465/2018 од 21.11.2019 година, за јавна набавка на седница на советот одржана на ден 02.06.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Д-Р ПАНОВСКИ АД од Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1465/2018 од 21.11.2019 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно постапување и одлучување

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со пресуда У-5.бр.1465/2018 од 21.11.2019 година ја одбил како неоснована тужбата на тужителот Д-Р ПАНОВСКИ АД од Скопје, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-457/10 од 25.07.2018 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешна и нецелосна утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со што предлага жалбата да се уважи, првостепената пресуда да се укине и предметот се врати на повторно разгледување и одлучување или пак тужбата на тужителот да се уважи и оспореното решение на тужениот орган да се поништи.

Тужениот орган поднесе одговор на жалба во кој останува како во образложението на побиваното решение.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е основана.

Од увидот во списите се утврди дека договорниот орган Министерство за здравство, донел Одлука за отпочнување на постапка за јавна набавка на стоки - лекови за лекување на ретки болести бр.20-2026/1 од 01.03.2018 година, притоа имајќи ја предвид вредноста на предметот на набавката, 333.694.815,83 денари без вклучен ДДВ, договорниот орган пред објавување на огласот за јавна набавка, спровел технички дијалог со дел од економските оператори, а во врска со истиот бил составен и Записник за спроведениот технички дијалог бр.20-2026/9 од 21.03.2018 година. По вака превземените дејствија, договорниот орган, Министерство за здравство објавил Оглас за доделување на Договор за јавна набавка со отворена постапка - рамковна спогодба бр.4/2018, за набавка на стоки - лекови за лекување на ретки болести, со проценета вредност на набавката без вклучен ДДВ - 333.694.815,83 денари. Видно од објавениот оглас, предметот на набавката бил делив и тоа на 24 дела, како критериум за избор било предвидено дека ќе се користи најниска цена, постапката да се спроведе со користење на електронски средства и истата да заврши со спроведување на електронска аукција, а од понудувачите било побарано да достават Изјава за независна понуда, 3% Гаранција на понудата, како и 10% Гаранција за квалитетно извршување на договорот.

До крајниот рок за поднесување на понудите 05.06.2018 година, пристигнале вкупно 10 (десет) понуди за што бил изготвен Записник од отворањето на понудите бр.20-2026/32 од 25.06.2018 година. Комисијата за јавни набавки извршила евалуација на пристигнатите понуди, при што понудувачите со прифатливи понуди ги поканила да поднесат конечна цена односно да учествуваат на е-Аукција за соодветните делови на постапката. Врз основа на Извештаите од поднесување на конечна цена, извештаите од текот на е-аукцијата, Комисијата за јавни набавки при договорниот орган изготвила Извештај бр.20-2026/34 од 12.07.2018 година од спроведената постапка со предлог на избор на најповолни понуди по одделни делови од набавката, меѓу кои за дел 18 како најповолен понудувач за избор бил предложен Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје. Имено, Комисијата нашла дека техничката понуда на сега тужителот за делот 18 е неприфатлива од причина што привременото одобрение за паралелен увоз на лекот не соодветствува со сертификатот за пуштање на серија во промет од производителот. Конкретно, станувало збор за различни веледрогерии од кои се набавува лекот, што е недозволиво во случајот, бидејќи лекот треба да се набавува единствено од веледрогериите наведени во Решението за привремено одобрение за паралелен увоз на лекот JAKAVI (ruholitinib).

По вака спроведената постапка, одговорното лице во Министерството за здравство донело Одлука за доделување на договор за јавна набавка бр.20-2026/35 од 12.07.2018 година, со која како најповолна понуда во постапката на јавна набавка на - лекови за лекување на ретки болести бр.4/2018, за делот 18 била бил избран економскиот оператор Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје.

Незадоволен од донесената одлука жалба изјавил тужителот. Државната комисија за жалби по јавни набавки, со Решение бр.08-457/10 од 25.07.2018 година, ја одбила како неоснована.

Тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд оспорувајќи го наведеното решение на тужениот орган.

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1465/2018 од 21.11.2019 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот со образложение дека во конкретниот случај тужениот орган правилно го применил материјалното право.

Вишиот упавен суд одлучувајќи по жалбата на тужителата најде дека се основани наводите за сторени суштествени повреди на постапката и тоа на оние од член 42 став 2 точка 11 од Законот за управните спорови, на кои судот внимава по службена должност, согласно член 354 став 1 од Законот за пранична постапка.

Согласно член 42-г став 2 точка 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови суштествена повреда на одредбите од постапката секогаш постои, ако: одлуката има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено ако изреката на одлуката е неразбирлива, ако противречи сама на себеси или на причините за одлуката, или ако одлуката воопшто нема причини или во неа не се наведени причините за решителните факти или тие причини се нејасни или противречни, или ако за решителните факти постои противречност меѓу она што во причините на одлуката се наведува за содржината на исправите или записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи или записникот.

Имено, во конкретниот случај Вишиот управен суд најде дека на страна 4 од пресудата на Управниот суд У-5.бр.1465/2018 од 21.11.2019 година, судот навел дека во сертификатот за пуштање на серија во промет од производителот NOVARIS како веледрогерија од која се снабдува лекот е наведена EKOL BEGONVIL, BLOK TUZLA ISTANBUL, Турција, што е погрешно од причина што истиот претавува логистички Центар за складирање на предметниот лек, односно место од кое се врши испорака на предметниот лек, на кое нешто во жалба се повикува и тужителот.

Поради констатираните пропусти Вишиот управен суд оцени дека има потреба од повторно постапување и одлучување по предметот и жалбата ја уважи и пресудата на Управниот суд ја укина.

Во повторна постапка првостепениот суд треба да ги има во предвид забелешките на овој суд, па откако ќе ги отстрани наведените забелешки со правилна примена на материјалното право да донесе правилна и законита одлука.

Поради наведеното Вишиот управен суд согласно член 358 став 1 од Законот за пранична постапка, а во врска со член 7-а од Законот за управни спорови, одлучи како во изреката на решението.

Решено во Виш управен суд на ден 02.06.2021 година под УЖ-2.бр.208/2020.

| Записничар - раководител на судско одделние | Претседател на совет - Судија |
| --- | --- |
| Верица Гавровска Петровска с.р. | Владанка Панчурова Сулејманова с.р. |

/ИК

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник